

***Автор:*** ***Виктор Грозданов***

Оваа колумна мора да се започне со еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ почитуваниот Манојил Мане Јаковлески од две причини:

- Неговата љубов кон Македонија
- Неговата борба за Македонија

Не треба многу да се бара одговорот , туку само да се цитира авторот на неговата „МАКЕДОНИЈА, МОЈ КОПНЕЖ“, г-динот Киро Кипроски:

***„Кога ќе се погледне животниот пат на Манојил Мане Јаковслески, неизбежен е впечатокот дека тој и Македонија се нераздвоен дел. За Манајоил таа е икона пред која се крсти и секој ден се бори за нејзината иднина. И, ако случајно по неговата смрт, се распара неговото срце, таму ќе ја најдете насликана Македонија, цела и единствена, со сите распарчени делови”.***

И додека Мане крварел трчајки по цела Европа за Македонија како што впрочем е и поклонот рачно изработена чашка со посвета од Брат Љубе за време на неговиот тотално непотребен престој во Шевенинген, Хаг, во нашата мила Македонија ни се случува комедија од минатиот век во режија на нашите браќа од Црна Гора, која треба да се гледа, а не да се прераскажува.

Дефиниција за Германски Јазик по култната серија (со краткиот наслов) ***„Ѓекна још није умрла, а кад че незнамо“ ,***
на тема германски јазик:

– Нема полесен јазик од Германскиот, само тешко е да го разбереш.

– Верувам тато. Е сега гледам дека е многу лесен.

– Нема што ти мене да ми веруваш, кога е тоа така.

Еве линк за уживање: https://www.youtube.com/watch?v=sPX8DlgMtyg

Во овој момент нашава држава функционира баш вака. Ама оригинал, а посебно односот на институциите кон аферите со медиумите. Апсолутно ништо не се случува. Завршува со прес конфернција на директорката на УЈП на која се гледа дека се чуствува крајно непријатно и со скандалозно учество на дебата на една ТВ станица од страна на главниот обвинител за организиран криминал и корупција Вилма Русковска.

Почитуваните дами,

***дигресија:*** за дами не се коментира, за вкусови не се разговара, треба да ми одговорат како човек, кој и зошто пробува да ми навреди интелегенција после 17 години работа со медиумите. Ќе им посочам по 25% од две афери од вкупно многу, каде можат да дадат сериозен одговор на државата по однос на сознанија за девијантно однесување на формално правниот систем.

***Првата Афера 1 ТВ***

За да добиеш дозвола се обраќаш во АВМУ, а таму ти бараат соодветна документација, како на пример Бизнис план и финансиска гаранција.

Тоа значи се поставува првото логично прашање: Од каде пари?

И почнуваш да размислуваш кон можниот одговор: СДСМ и Зоран Заев. А, вистината која ни ја сервираат наводно била поинаква. Демек некогашниот нивни градоначалник Циле од Битола и зетот на нивниот коалиционен партнер Фијат Цаноски на приватни лица им префрлиле вкупно 1 милион евра и згора на тоа наводно се измамени и оштетени. Па, двајцата се чучулиги на мирот. Аууу број 1.

Велелепната новинарска тројка Чом, Боко и Сашо Ордановски демек од новинарски порив за да направат уште една успешна приказна (после Велија Рамковски треба ли уште еден газда да иде у затвор, мољам ти се) во која никој од СДСМ наводно не им ветил пари и никој од СДСМ не им гарантирал сигурна плата. Аууу бр 2.

Но, има една работа од која неможе да се бега. А, тоа е заклучниот сметководствен лист за работењето на две фирми:

- БМЈ груп која ненадејно добила 15 милиони денари во 2018
- Комплетното работење на 1ТВ за 2018 и дел од 2019

Кога Русковска ќе нареди, а Лукаревска ќе објави тогаш ќе ги знаеме одговорите на следниве прашања:

- Колку плата земале и како новинарската тројка
- Кои маркетинг и Пи-Ар агенции дале пари за да ја видиме наредбата
- И како јас пиев негазирана „Пелистерка“ на моите две гостувања

***Афера Емил Стојменов и Канал 5***

Мојот драг поранешен пријател Емил Стојменов звани Емчо го мислев за многу интелегентен човек посебно во делот за сметководство. Тоа што Бугарите од Македонија ми збореле за мислењето на Алекса Стојменов по однос на неговиот татко Борис го имам отфрлено на страна. Го доживував како конфликт кај Бугарите, оние наменските за пари од УДБА, кои му се лути на големиот и искрен патриот Македонец, Борис Стојменов.

Но, кога сме кај сметководствените работи, Канал 5 важеше за фирма со сигурност, ако си директор. Нема шанси да ти наштетат. Ама не било баш така.

Најголемата мана на Емчо наш е што најверојатно дома мајка му и татко му не го научиле на една голема доблест: Човечност. Ај што најгрубо го тргна Роберт Поповски после интервјуто со Никола Груевски, туку зошто не го праша како и е здравјето на столбот на куќата. За разлика од Роберт Поповски кој највероjатно има голема скала на простување, јас немам намера да заборавам.

За целата медиумска јавност да знае на кој начин функционира Емчо. Бидејќи немав никаква намера да му ги прераскажам разговорите помеѓу Срѓан Керим и Зоран Димитровски-Жоро во врска со можниот договор на Канал 5 со МПМ ги искажа следниве зборови:

АКО НЕ МИ КАЖЕШ, ДЕТЕТО АИР ДА НЕ ТИ ВИДИ!!!

Мисли на моето второ дете Викторија Грозданов, тогаш штотуку родена. Е, вака одзвонуваат зборовите на Емчо 10 години. Чекав трпеливо и затоа треба да научи три работи:

- Ние од Карпош 1 сме стари чекалици и живееме со филозофијата: Инаетот е посладок од медот, заради инает
- Зоран Димитровски-Жоро многу го почитувам и неговата сопруга и син
- На крај сам каменот у глава си го удри.

За да биде се’ јасно за медиумската јавност еве момент кога велиш пусти нека очи говоре.



ДОГОВОР ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ

Склучен на ден 02.10.2012 година помеѓу:

1. **Емил Стојменов** од Скопје Ул."Франклин Рузвелт" бр.[redacted] со ЕМБГ[redacted] и лк.бр. лк. А[redacted], како пренесувач на својот удел стекнат во Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и

2. **Вања Гавриловски** од Скопје Ул."Бахар Моис" бр.[redacted] со ЕМБГ [redacted] и лк бр.А[redacted], како стекнувач на удел.

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од овој договор за пренос на удел.

**Член 2**

Согласно овој договор, преносителот на уделот се обврзува на стекнувачот на уделот да му го пренесе својот удел стекнат во Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во износ од 1.726.600,00 денари.

**Член 3**

Врз основа на овој договор, пренесувачот на уделот го пренесува, а стекнувачот на уделот го стекнува уделот во друштвото со надомест во износ на висината на уделот во друштвото односно 1.726.600,00 денари.

Договорните страни се согласни надоместокот за пренос на уделот, стекнувачот да го исплати во рок од три месеци од денот на склучувањето на овој договор.

**Член 4**

Со пренесување на уделот во друштвото, се пренесуваат и правата и обврските кои произлегуваат од него, односно стекнувачот на уделот кој е веќе содружник во друштвото со стекнување на пренесениот удел, учествува 100% во основната главнина на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.

**Член 5**

Правата и обврските на преносителот на уделот, а кои произлегуваат од содружничкиот однос преминуваат на стекнувачот на уделот од денот на нотарската заверка на овој Договор.



**ДОГОВОР**
за пренос на удел на содружник

Склучен на ден 14.08.2017 година во Скопје, помеѓу :

1. Вања Гавриловски од Скопје, со адреса на живеење на ул. Франклин Рузвелт бр. [redacted], со ЕМБГ [redacted], државјанин на Р.Македонија од една страна како содружник отстапувач на удел и

2. Емил Стојменов од Скопје со адреса на живеење на ул. Франклин Рузвелт бр.[redacted] со ЕМБГ [redacted], државјанин на Р.Македонија од друга страна како содружник примател на удел.

**Член 1**

Од ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр.145 Скопје, иступува содружникот Вања Гавриловски од Скопје, со адреса на живеење на ул. Франклин Рузвелт бр. [redacted] општина Центар, со ЕМБГ [redacted], државјанин на Р.Македонија.

**Член 2**

Содружникот Вања Гавриловски од Скопје, својот удел-основачки влог во вкупен износ од 1.726.600,00 денари од кои непарични средства во вредност од 863.300,00 денари и парични средства во вредност од 863.300,00 денари, му го пренесува и отстапува на содружникот Емил Стојменов, кој го прифаќа уделот БЕЗ НАДОМЕСТ.

**Член 3**

По иступувањето на содружникот Вања Гавриловски од Скопје од друштвото и пренос на основачкиот влог на единствениот содружник Емил Стојменов, вкупниот влог-основна главнина во паричен и непаричен влог, останува непроменета и изнесува 1.726.600,00 денари.

**Член 4**

Содружникот Емил Стојменов од Скопје учествува во добивката 100% и ја покрива загубата на Друштвото согласно вложениот основачки влог во Друштвото.

**Член 5**

Со денот на склучувањето на овој договор и престанокот на содружничкиот однос Вања гавриловски од Скопје, нема никакви права и обврски ниту било какви идни побарувања према ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и содружникот кој го превзема уделот Емилк Стојменов.

Само да прашам нешто. Нели им е жал на Стојменови за Вања Гавриловски? Одговорот е…

За драгите Русковска и Лукаревска, да запамтат нешто. Вања Гавриловски е само еден обичен дечко од Скопје. И прашајте дали пари има да купи сопственички удел, да плати данок за телевизија која во тој момент чини 10 милиони евра, дали имал право да му одземе ингеренции на директорот, дали наплатил дивиденда, дали има милион евра како поранешен сопственик на Канал 5 и зошто не му опнал сопственички шамар на Иван Мирчевски, онака од ќејф?

Почнете да работите нешто за да не мислам за Вас обете дека главите ги чувате на своите рамена само за фризури.

Лично до почитуваните дами да им објаснам, Стевчо Јакимовски за нас од Карпош 1 вели дека сме со дефект од 10-25% од нормалните луѓе. Тоа е научно докажан и општо прифатен факт.

Ама, со едно големо АМА – имаме сите до последен 100% доза на: ЧОВЕЧНОСТ.

Ако двете дами не постапат по законот дефинитивно со големиот Македонец патриот Манојил Мане Јаковлески ќе нема потреба да дискутираме дали е Џубре Комунистичко или Ѓубре Комунистичко.

Исто е.

П.С. На оние што некои работи не им се целосно јасни од колумнава, ќе им ги разјаснам вечерва во 20.20 на ТВ „Алфа“.

***https://netpress.com.mk/ruskovska-i-lukarevska-osven-frizuri-pravat-neshto-drugo/?***